Основни податоци за студиската програма

Стоматологија - трет циклус студии – докторски студии на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

1		Назив на студиската програма	На македонски јазик	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
			На англиски јазик	Third cycle of studies – doctoral studies in dentistry at the Faculty of Dentistry – Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
2		Студиско подрачје според Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ, ISCED) и НРК	Пошироко подрачје	Здравство и социјална заштита
			Потесно подрачје	Здравство
			Детално подрачје	Стоматологија
3		Научно-истражувачко подрачје, поле и област (согласно Меѓународната Фраскатиева класификација од 2015 година и релевантни домашни акти со кои се уредуваат научно-истражувачките полиња од трето ниво – области). За интердисциплинарни студиски програми се наведуваат соодветните студиски полиња или уметнички дисциплини од прво, второ и трето ниво	Научно подрачје	Медицински и здравствени науки
			Научно поле	Други медицински науки
			Научна, стручна или уметничка област	Области на научно-образовна дејност: -максилофацијална хирургија; -детска и превентивна стоматологија; -ортодонција, -стоматолошка протетика; -дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција; -имплантологија; -орална медицина и пародонтологија; -форензична стоматологија; -орална хирургија; -рендген дијагностика во стоматологијата; -друго.
4		Вид на студии (академски или специјалистички)		Академски
5		Циклус на образование (трет циклус студии)		Трет циклус студии
6		Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС кредити и доколку е предвидено подготвителни курсеви		180 ЕКТС
7		Вредност во ЕКТС кредити на докторска дисертација		26
8		Времетраење на студиите (во години и семестри на траење на студиската програма)		Три години/шест семестри
9		Начин на финансирање на предложената студиска програма, а за приватните и приватно-јавните непрофитни високообразовни и научни установи		Студентите партиципираат во финансирањето 100% со сопствени средства.

		доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за судиската програма		
10		Степен или ниво на квалификација потребно за запишување на студиите според Националната рамка на квалификации		VI или VII ниво според Националната рамка на класификации
11		Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти, кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување		Завршен втор циклус на студии/завршен прв циклус на студии (300 ЕКТС) и завршени студии по стоматологија пред воведување на ЕКТС, а да е на втора половина од здравствена специјализација / завршени интегрирани студии од прв и втор циклус. Дипломиран доктор по дентална медицина со просечен успех од најмалку 8.
12		Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Национална Рамка на Квалификација		*VIII*
13		Научен назив кој се стекнува по завршувањето на студиската програма	На македонски јазик	*Доктор на стоматолошки науки*
			На англиски јазик	*Doctor of dental sciences*
			На јазикот на која се изведува наставата	*Доктор на стоматолошки науки*
14		Место на реализирање на наставата		Стоматолошки факултет – Скопје и наставните бази на Факултетот
15		Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма		Согласно слободните места на акредитираните ментори
16		Број на ментори	Акредитирани	48
			број на поднесени барања за ментор	/
17		Јазик на којшто ќе се изведува наставата		Македонски
18		Начин на студирање (редовни, вонредно студирање)		Редовно студирање
19		Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма		Нема
20		Информација за продолжување на образованието		Пост-докторски студии
21		Учебна година во која ќе започне реализацијата на студиската програма		2026/2027
22		Рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма		Шест години
23		Број и датум на Решениија за акредитација и почеток со работа	Решение акредитација од Одборот за Акредитација	08- 710/4 од 2.01.2026 година
			Решение за почеток со работа на студиската програма од ВЛАДА на Република Северна Македонија	57-7387/6 од 7.10.2026 година

Воведувањето и реализацијата на наставно-образовниот процес на студиската програма на трет циклус на студии-докторски студии по стоматологија има за цел да обезбеди еден од основните фундаменти на науката на највисокото ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Таа е императив на кадарот ангажиран во нејзината реализација со цел да се надминат одредени недостатоци и да се продолжи со унапредување на квалитетот на наставата и преносот на стручни и научни знаења на идните генерации и кадри. Оваа студиска програма е неопходна за одржување на високото реноме на Универзитетот и опстанокот и понатамошното развивање на овие студии е услов за забрзување на научноистражувачкиот прогрес на Република Северна Македонија и нејзино инкорпорирање во процесот на европските интеграции за понатамошен разој на докторите на стоматолошки науки.

Научноистражувачка дејност е се поголем предизвик за докторите по стоматологија или дентална медицина, бидејќи напредок неминовно наметнува примена на нови техники и методи во ова поле, во стоматологијата. Бидејќи науката ги отфрла бариерите и бара слобода и креативност, оваа студиска програма за трет циклус докторски студии на стоматолошките науки е целосно ораганизирана како отворен систем, се остава можност студентот сам да бара со која област од полето стоматологија од која всушност ќе бидат и бирани предвиденитениот број или најголем број на изборни предмети доколку станува збор за интердисциплинарна тема што најчесто ќе биде случај. Новите програмски содржини, на студентите на докторски студии, по завршувањето на студиите им овозможуваат самостојно да организираат и водат научни инстражувања.

Значи студиската програма предвидува можност за интердисциплинарност на студиите, за спојување содржини од повеќе области на стоматологијата и општо од здравството, но и мошност законкретизирање на научноистражувачката работа во рамки на една област на стоматологијата.

Од тука, студите понатаму овозможуваат продолжение и усовршување во научноистражувачки проекти во биомедицината и здравството и истражувачки проекти во меѓународните центри и институти, со што е овозможен развојот на докторите на стоматолошки науки.

Научниот степен, доктор на стоматолошки науки создава можност за вработувања во јавниотсектор, во научните и наставни институции, во истражувачки установи и здравството, во рамките на нашата земја и пошироко.

Со завршувањето на студиите и со здобивањето на научен степен, доктор на науки може да се вклучи во меѓународни проекти кои ги финансираат научните и здравствените фондации. Затоа, од моментот на акредитација на оваа студиска програма во 2010 година, интересот за неа не престанал и сеуште расте како кај кандидати од земјата така и кај кандидати од странство, а ова претставува нејзина покрај акредитацијата трета реакредитација.

Денес се соочуваме со се поголемата потреба за воспоставување на тесна соработка со високите школи и научни институти од нашето непосредно соседство, Европа и пошироко. Со увид во програмите на нивните факултети се потрудивме нашите студиските програми за трет циклус стдуии студии да ги прилагодиме, усогласиме и хармонизираме со содржините на докторските студии во Европа и пошироко.

По завршување на програмата и стекнување со звање доктор на стоматошки науки, лицето е целосно подготвено и спремно за спроведување и реализација на научноистражувачка работа во јавниот сектор или во јавна здравствена установа; учество во научни проекти за превенирање на оралните заболувања, непра - вилности и трауматски повреди на орофацијалниот систем, стоматолошка едукација на населението и мотивирање на секој поединец да се грижи за оралното

здравје исоздавање на здрави нови генерации; научно-истражувачка работа во јавни установи (министерства, агенции) кои се занимаваат со промоција на оралното здравје; вклучување во меѓународни проекти кои се финансирани од научни и здравствени фондации во земјата и надвор од неа, градење академска кариера во јавните и приватни високообразовни установи во земјава и странство (интересот е особено голем бидејќи само во државава постојат пет стоматолошки факултети), понатаму научноистражувачка работа во приватниот сектор, односно во компании кои се занимаваат со производство, набавка, дистрибуција и продажба на стоматолошки материјали и опрема; работа во ординации, поликлиники каде во секојдневната пракса ќе се применат нови техники и методи за заштита на населението од оралните заболување, нивна превенција, дијагнистика и лечење.

Цели на студиска програма и резултати од учење кои означуваат успешно завршување на третиот циклус на студии (180 ЕКТС)

- **Општи дескриптори на квалификации за трет циклус на студии со 180 ЕКТС, за студиската програма согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации**

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	Покажува разбирање на полето на истражување на стоматолошките науки, како и распознавање на методи и вештини за истражување во рамките на стоматологијата согласно високите маѓународни стандарди.
Примена на знаењето и разбирањето	Со перманентна надоградба доаѓаат до нови сознанија кои може да бидат вреднувани на ниво на национални и меѓународни рецензирани публикации. Со ваквата надоградба и прогресија од научен аспект ќе бидат во можност истата да ја применат во клиничка пракса.
Способност за проценка	Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истраживачки проекти од областа на стоматолошките науки. Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти од полето на базичната и клиничка медицина, преку кои ќе генерираат нови знаења и вештини во равојот на истражувачкото поле.
Комуникациск и вештини	Можност да комуницираат со поширокота академска заедница и со општеството во целина во рамките на стоматологијата.
Вештини на учење	Се очекува да биде способен да се провомира во академски и професионални рамки.

- **Специфични дескриптори на квалификации за трет циклус на студии со 180 ЕКТС, за студиската програма согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации**

Тип на дескриптор	Опис

Знаење и разбирање	По завршувањето на третиот циклус на студии, студентите ќе стекнат високо ниво на систематизирано, интегрирано и интердисциплинарно знаење во поширокаta област на стоматологијата, со способност за примена на напредно научно и клиничко знаење. Ќе бидат способни критички да анализираат современи методи, техники, технологии и протоколи, применувајќи теоретско и практично знаење за решавање на сложени проблеми поврзани со дијагноза, третман, превенција и унапредување на оралното здравје. Ќе имаат длабоко разбирање на клиничките и биомедицинските основи на стоматолошките науки и ќе бидат способни да формулираат и имплементираат научно-истражувачки проекти, врз основа на етички принципи и научна валидност.
Примена на знаењето и разбирањето	Стекнатите знаења и вештини ќе овозможат независна примена во академската, клиничката и истражувачката практика. Студентите ќе бидат способни да развиваат, имплементираат и оценуваат нови стратегии и методологии во стоматологијата, како и да иницираат и водат научно истражувачки проекти. Ќе придонесат за развојот на науката и здравствената пракса преку иновативно размислување, критичка анализа и развој на интердисциплинарни решенија.
Способност за проценка	Докторантите ќе развијат способност критички да оценуваат сложени научни, клинички и технолошки информации, резултати и публикации. Тие ќе бидат способни да ја оценуваат ефикасноста на третманите, истражувачките пристапи и интервенциите во јавното здравје, како и да донесуваат независни одлуки врз основа на докази. Ќе покажат висок степен на етичка свест, академски интегритет и аналитичко размислување при евалуација на професионални и научни проблеми.
Комуникациски вештини	Студентите ќе развијат напредни комуникациски вештини за ефикасно и прецизно изразување на научни и професионални идеи, концепти и резултати. Ќе бидат способни да ги презентираат и аргументираат своите ставови во национален и меѓународен контекст, преку научни статии, јавни настапи, конференции и учество на конгреси. Ќе ги подобрат своите вештини за соработка со мултидисциплинарни тимови и институции, како и за обука и менторство на идните генерации стоматолози и истражувачи.
Вештини на учење	Студентите ќе бидат способни да учат автономно и трајно, применувајќи научни методи, критичка анализа и синтеза на ново знаење. Ќе покажат флексибилност и прилагодливост во справувањето со нови научни откритија, технолошки промени и клинички предизвици. Преку саморефлексија, независна организација и учество во континуирано образование, ќе ги развијат своите истражувачки, академски и професионални вештини на највисоко ниво.